# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

30.12.2024 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.52 ГОД.29

ПРИМЕРОКОТ Е Б Е С П Л А Т Е Н

## С о д р ж и н а

1.Одлука за усвојување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година.
2.Одлука за извршување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година.
3.Одлука за определување на бодот на административните службеници за 2025 година.
4.Одлука за утврдување на критериумите за распределба на блок дотацијата за основното образование за 2025 година.
5.Програма за социјална заштита во општина Босилово за 2025 година.
6.Одлука за измена на Одлуката за одобрување на планна програми за развој на општина Босилово за 2025 година.
7.Општински календар за подготовка на Буџетот на општина Босилово за 2026 година.
8.Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Босилово за 2025 година.
9.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за Програмата за работа и план за развој на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за 2025 година.
10.Заклучок за усвојување на Програмата за работа и план за развој на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за 2025 година.
11.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за Програмата за работа и план за развој на Секторот за комунална хигиена на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за 2025 година.
12.Заклучок за усвојување на Програмата за работа и план за развој на Секторот за комунална хигиена на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за 2025 година.
13.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за формирање на Комисија за попис за состојба на 31.12.2024 година.
14. Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за извршување на попис.

15.Програма за набавка,транспорт и вградување на природен чакал и дробеник за тампонирање на локални макадамски улици и полски патишта на подрачјето на општина Босилово за 2025 година.
16.План и Програма за контрола на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на општина Босилово.
17.Програма за заштита од штетното дејство на водите на подрачјето на општина Босилово за 2025 година.
18.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Статутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово-пречистен текст.
19.Одлука за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Дрвош како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари.
20.Одлука за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Еднокуќево како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари.
21.Одлука за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Радово како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари.
22. Одлука за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Босилово како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2717/2 за усвојување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2739/1
30.12.2024 година
Б о с и л о в о

Општина Босилово
Градоначалник,
Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година**

Член 1

Се усвојува Буџетот на општина Босилово за 2025 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш со донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2717/2
30.12.2024 година
Б о с и л о в о

Совет на општина Босилово
Претседател,
Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2718/1 за извршување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2740/1
30.12.2024 година
Б о с и л о в о

Општина Босилово
Градоначалник,
Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21 и), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 112/20, 215/21), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20), одредбите од колективниот договор на Општина Босилово бр.03-2795/1 од 28.12.2022 година, одредбите од Општ Колективен договор за јавниот сектор (Сл.весник на РСМ бр.154 од 20.07.2023 година) и член 21 од Статутот на Општина Босилово („Службен гласник на Општина Босилово” бр.21/2014 од 2014 година) Советот на Општина Босилово на 52-та седницата одржана на 30.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на**
**Општина Босилово за 2025 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Босилово за 2025 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- Платата на градоначалникот се пресметува и исплатува по утвдениот коефициент и основица согласно Закон за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица, во Република Македонија.
- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;
- на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Босилово, и измените од истиот.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација  и членовите на Советот на општина Босилово кои користат службени телефони со одреден лимит, во случај да го надминат лимитот може да им се задржи од надоместокот за плата, со исклучок кога надминатиот лимит се однесува за службени потреби.

**Член 14**

Вработените во општинската администрација, (според Законот за административни службеници, Законот за работни односи и Законот за Агенција за привремени вработувања)  имаат право на надоместоци на плата и други надоместоци согласно законските прописи.

**Член 15**

Вработените во општинската администрација (државни службеници, вработени по законот за работни односи како вработените ангажирани во општината преку агенција за привремени вработувања) и членовите на Советот на општина Босилово, имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[1] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,[01] -24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 16**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Д0, Е0, Н1 односно В1 и расходно конто 404110 – Надоместок за годишен одмор на основа на донесено решение/одлука од одговорното лице.

,,Вработениот во општина Босилово има право на регрес за годишен одмор во висина од 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај ист работодавач''.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината, а најдоцна до крајот на тековната година.

Правото на регрес за годишниот одмор има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач.

**Член 17**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Е0- општинска администрација, расходно конто 464990 –Други трансфери.

За време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда, работникот има право на надоместок на плата, согласно со закон, во висина од:

- 70% за период до 7 дена;
- 80% за период до 15 дена;
- 90% за период над 15 дена и
- 100% за период над 30 дена, во случаи утврдени со закон и колективен договор.

Во случаи на спреченост за работа поради професионални заболувања и повреди на работа, дарување на крв и за други случаи утврдени со закон, надоместокот се утврдува во висина од 100% од основицата.

Основица за пресметка на надоместок на плата е просечната бруто плата на работникот во последните 12 месеци. Доколку работникот во тој период не примал плата, основица за пресметка е висината на најниската основна бруто плата, исплатена на ниво на сектор, оддел или група.

Во случај на неспособност на работникот за работа поради негова болест или повреди работодавачот исплаќа надоместок на плата до 30 дена, а над 30 дена се исплаќа на товар на здравственото осигурување.

Ставовите 1, 2 и 3 од овој член се однесуваат на вработените во општина Босилово, вработени согласно Законот за административни службеници, Законот за избрани и именувани лица и Законот за работни односи.

**Член 18**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

[1] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судвите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20)

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари, и не може да надмине вкупен износ од 60.000,00 денари, во текот на календарскиот месец, каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Благајничкиот максимум се утвдува на износ од 6.000,00 денари.

Буџетските корисници, единките корисници и другите корисници кои имаат платежни сметки во Трезорската сметка не можаат да вршаат плаќање со пресметка доколку имаат блокирана платежна сметка.

**Член 19**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 20**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма Е0- општинска администрација, Програма Н1- основно образование и програма В1- детски градинки, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата, потставка 464940- Трансфери при пензионирање.

Во случај на смрт на работникот и случај на смрт на член на потесно семејство на работникот, согласно закон, вработениот има право на надоместок.

Основица за пресметување на надоместокот претставува просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија, исплатена во последните 12 месеци,а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990- Други трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на одговорното лице.

**Член 21**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0, програма Н1-основно образование, програма В1-детски градинки, а ќе се расходно конто 464990 - Други трансфери, на основа донесено решение од одговорното лице, согласно важечките законски прописи и колективните договори.

**Член 22**

Средствата одобрени во програмата Г1- Поддршка на локалниот економски развој, потставка 464990- други трансфери, ќе се користат за:

- финансирање на проекти во кои општина Босилово учествува со кофинансирање, по одобрување на апликацијата и потпишување на договор,
- 20% кофинансирање за проект Општинско корисна работа,
- 20% кофинансирање за проект Јавни работи преку АВРСМ,
- за трансфер на донаторските сметки, каде за реализација на проектите прво треба да се изврши исплата, потоа се враќаат на буџетот на општината по извршена контрола.

**Член 23**

Исплата на еднократна парична помош на семејствата кои имаат запишано ученик во прво одделение во учебната 2025/2026 година во општинските основни училишта во општина Босилово, во нето износ од 2.500,00 денари.

Исплатата ќе се врши од програма А0- Совет на општина потставка 464990- други трансфери.

**Член 24**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 25**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 26**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 27**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 28**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 29**

Буџетот на Општина Босилово се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 30**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Босилово",а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

Бр.08- 2718/1
30.12.2024 год.
Босилово

Совет на општина Босилово
Претседател
Мито Андонов с.р.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за извршување на**
**Буџетот на Општина Босилово за 2025 година**

Со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Босилово за 2025 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на општина Босилово, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на општина Босилово со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеца, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината, а Буџетот на Општина Босилово се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2719/1 за определување на бодот на административните службеници за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2740/1 — Општина Босилово
30.12.2024 година — Градоначалник,
Б о с и л о в о — Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14 ,48/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22,

208/24 и 210/24), Советот на општина Босилово, на 52-та седницата одржана на 30.12.2024 година, донесе:

О Д Л У К А

за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службенци за 2025 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2719/1
30.12.2024 година
Б о с и л о в о

Совет на општина Босилово
Претседател,
Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2720/1 за утврдување на критериумите за распределба на блок дотацијата за основното образование за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2741/1
30.12.2024 година
Б о с и л о в о

Општина Босилово
Градоначалник,
Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 157 став 3 и член 160став 3 од Законот за основно образование (“Службен весник на РСМ” бр. 161/19, 229/20) и член 11 од Статутот на општина Босилово (“Службен гласник на општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на 30.12.2024 година донесува:

**ОДЛУКА**

**За утврдување на критериумите за распределба на блок дотацијата за основното образование за 2025 година**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите за распределба на блок дотацијата за основното образование.

Член 2

Распределбата на средствата од блок дотацијата за реализација на наставно воспитниот процес во училиштата за основно образование во општина Босилово како пренесена надлежност на локалната самоуправа и исполнетите услови во согласност со членот 46 од законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24) се врши по следните критериуми:

- Основна сума по училиште
- Број на ученици во училиштето
- Број на ученици по предметна настава
- Број на подрачни училишта
- Површина на училишниот објект
- Број на ученици со посебни потреби
-

Член 3

Распределбата на средствата од блок дотацијата за основно образование се врши според следната формула:

БДОо = О + ПУо x С

ПУо = Уу + (Уу x Кпу + Упн x Кпн + Упп x Кпп + Пу x Кпу)

БДОо - Блок дотација за основно образование на општината

О - Основна сума по училиште

ПУо - Пондерирани ученици

С - Стандард по ученик (износ)

Уу - Број на ученици во училиштето

Кпу - Коефициент за површината на училишниот објект

Упн - Ученици во предметна настава

Кпн - Коефициент за предметна настава (0,2)

Упп - Број на ученици со посебни потреби во училиштето

Кпп - Коефициент за ученици со посебни потреби (1)

Пу - Подрачни училишта

Кпу - Коефициент за подрачни училишта (0,6)

Член 4

**Распределбата на средствата од блок дотацијата наменети за материјални трошоци основното образование се врши на следниот начин:**

- ООУ “Гоце Делчев” с.Босилово 40%
- ООУ “Св.Кирил и Методиј”с.Иловица 40%
- ООУ”Борис Трајковски”с.Моноспитово 20%

Средствата определени од блок дотацијата за секое училиште се користат за финансирање на определените надлежности во основното образование.

Член 5

Распределените средства од блок дотацијата по основните училишта се насочуваат преку општина Босилово месечно или по динамика договорена меѓу Министерството за финансии и министерството за образование и наука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во “Сл.гласник на општина Босилово”.

Бро.08-2720/1<br>30.12.2024 година<br>Босилово

Совет на општина Босилово<br>Претседател<br>Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2721/1 за социјална заштита во општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2742/1<br>30.12.2024 година<br>Б о с и л о в о

Општина Босилово<br>Градоначалник,<br>Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/02), член 221 став 2 д Законот за социјална заштита (,,Службен весник на РМ,, бр. 79/09.....236/22) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Босилово (,,Службен гласник на Општина Босилово,, бр. 21/14), Советот на

Општина Босилово на својата редовна 52-та седница одржана на **30.12.2024 година** ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**

**за социјална заштита во**

**Општина Босилово за 2025 година**

## I. Општи одредби

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа.

Законот за социјална заштита, Програмата за остварување на социјалната заштита, Националната програма за развој на социјалната заштита, Законот за локална самоуправа Законот за семејството, Законот за урбанистичко планирање и други, се акти, врз основа на кои се уредува социјалната заштита, специфичните потреби на населението и начинот на остварување на социјалната заштита.

Со оваа програма Советот на Општина Босилово има за цел поедини категории на семејства да добијат соодветен третман и заштита од социјален ризик, совладување на овие ризици како и со девијантните појави и однесувања.

## II. Видови ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфака оваа програма

Основни социјални ризици на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)

- ризици од стареење ( старост и преживување)

- ризици по мајчинство и семејство

- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и

- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

Категории на лица кои ќе бидат опфатени со оваа програма **кога ќе се најдат во исклучително тешка состојба** се:

- лица со телесна попреченост

- деца на улица ( деца без родители и родителска грижа)

- деца со посебни потреби

- деца со воспитно-социјални проблеми

- деца од еднородителски семејства

- лица изложени на социјален ризик

- лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол

-старите лица без семејна грижа

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граганите ќе обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност и кога се во исклучително тешка состојба.

**III. Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во Општина Босилово од 2025 година, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Босилово за 2025 година.

Вкупно обезбедени финансиски средства:

- од Буџетот на Општина Босилово **----------------------- 420.000 денари.**

Овие финансиски средства ќе се користат за погоренаведените категории на граѓани кога се наогаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови – лица погодени од елементарни непогоди,пожари и друго.

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши Комисија за разгледување на барањата за финансиска помош до Советот на Општина Босилово, формирана од страна на Советот на Општина Босилово, за секое барање поединечно.

Комисија за разгледување на барањата за финансиска помош до Советот на Општина Босилово, ќе дава предлог за висината на одобрени средства по секое барање поединечно.

За лица погодени од елементарни непогоди, висината на финансиските средства што ке се одобрат да бидат во зависност од настанатата штета.

Согласно донесената одлука за висината на финансиските средства, средствата ќе се уплаќаат на транскакциона сметка на барателот.

Градоначалникот на Општина Босилово со Решение може да одобрува финансиски средства за погоренаведените кагетории на граѓани но најмногу до 3.000,00 денари.

**IV. Завршни одредби**

Програмата за социјална заштита на Општина Босилово за 2025 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Босилово".

Бр.08-2721/1 Совет на Општина Босилово
30.12.2024 година Претседател
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2722/1 за измена на одлуката за одобрување на план на програми за развој на општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2743/1<br>30.12.2024 година<br>Б о с и л о в о

Општина Босилово<br>Градоначалник,<br>Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21-б од Законот за буџети (Сл.весник на РМ бр.64/05, 04/08, 103/08 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ 151/21) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на 52-та седницата одржана на ден 30.12.2024 година донесе:

О Д Л У К А

за измена на одлуката за одобрување на План на програми за развој на општина Босилово за 2025 година бр.08-2233/1 од 12.11.2024 година

Член 1

Се врши измена на одлуката за одобрување на планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година, бр.08-2233/1 од 12.11.2024 година

Член 2

Се врши измена во член 2 став 1 од во член 2 став 1 од одлуката за одобрување на планот на програми за развој на општина Босилово за 2025 година, бр.08-2233/1 од 12.11.2024 година каде

-Програма ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови, Потпрограма ЈДД – Изградба на локална улица с.Турново на КП бр.2214/1, - СЕ БРИШЕ

Член 3

Оваа одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2722/1<br>30.12.2024 година<br>Б о с и л о в о

Совет на општина Босилово<br>Претседател,<br>Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Буџетскиот календар бр.08-2723/1 за подготовка на Буџетот на општина Босилово за 2026 година,донесен на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2744/1
30.12.2024 година
Б о с и л о в о

Општина Босилово
Градоначалник,
Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04, 96/04, 67/07, 22/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, и Службен весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24) Советот на општина Босилово на 52-та седницата одржана на 30.12.2024 година донесе:

**Општински Буџетски календар**

**за подготовка и донесување на Буџетот на општина Босилово за 2026 година**

| **Датум** | **Буџетски активности** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| Декември 2024<br>Јануари-Март 2025 | Советот на општината донесува Буџетски календар | Совет на општина<br>Босилово |
| Април/Јуни 2025 година | Советот на Општината разгледува развојни документи и започнува процесот за подготовка на Планот на програмите за развој за наредната фискална година | Совет/општинска администрација |
| Август/Септември 2025 година | Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период , и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн.. По потреба се реализираат првични форумски | Градоначалник/општинска администрација |

| | | |
|---|---|---|
| | сесии/консултативни средби со граѓаните | |
| Август/Септември 2025 година | Градоначалникот подготвува и доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми | Градоначалник/општинска администрација |
| До 30 Септември 2025 година | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината | Министертво за финансии |
| Октомври 2025 година | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација |
| Октомври 2025 година | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/ приоритетите/активностите на секој од општинските сектори | Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација/ одделение за финансии |
| Октомври 2025 година | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот | Градоначалник/ Општинска администрација |
| Најдоцна до 20 октомври 2025 година | Предлог план на програми за развој и Годишните програми усогласен со насоките од Циркуларот се<br><br>доставува на одобрување до Советот на општината | Градоначалникот |

| | | |
|---|---|---|
| Најдоцна до 15 ноември 2025 година | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година | Совет на општина |
| Крај на ноември 2025 година | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. | Градоначалник |
| Декември 2025 година | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение | Градоначалник |
| Декември 2025 година | Се води расправа во телата на Советот на Општината. | Совет на општина/ Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој |
| Крај на декември 2025 година | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници | Совет на општина |

Буџетскиот календар влегува во сила по објавувањето во „Сужбен гласник на општина Босилово“.

Бр. 08- 2723/1
30.12.2024 година
Босилово

Совет на општина Босилово
Претседател
Мито Андонов с.р.

**Образложение кон Буџетскиот каледндар**

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во член 27 став 4 и 5 утврден е буџетскиот календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на општинскиот буџет од страна на советот на општината. Буџетскиот календар ги дефинира активностите кои треба да се спроведат во утврдени рокови со цел да се изврши добра подготовка и планирање на буџетот за наредната фискална година, а истовремено и активности што значат извршување на буџетот низ финансиските извештаи што ги доставува општината или следење на извршувањето на буџетот од општинската администрација со конкретни датуми,

Со буџетскиот календар се утврдуваат роковите во кои е потребно да се спроведаат неопходните активности кои ги презема градоначалникот за доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови на општинските буџетски корисници. Врз основа на утврдените приоритети на Општината и целите кои треба да се постигнат во одредени области за конкретни активности, општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот. По изготвувањето на Буџетот, градоначалникот го доставува Предлогот-Буџетот за 2026 година до Советот на општина Босилово кој до 31.12.2025 година треба да го усвои, а од 01.01.2026 година почнува нова Буџетска година со нов буџетски календар.

Одделение за финансиски прашања

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2724/1 за еднакви можности на жените и мажите на општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2745/1 | Општина Босилово
30.12.2024 година | Градоначалник,
Б о с и л о в о | Ристо Манчев с.р.

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Босилово, има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област, од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на национални стратегии за еднаквост на жените и мажите во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, пожелно е да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт, може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да презема конкретни акции во корист на намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои, еднаквоста ќе биде пракса. Нееднаквостите меѓу жените и мажите, се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата, наметнати поради бројни стереотипи, присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина и организацијата на општеството.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основните цели на активностите на општина Босилово, во областа на еднаквите можности на жените и мажите, предвидени со оваа програма се:

- Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на локално ниво
- Прибирање на полово-разделени податоци и формирање на база на податоци
- Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје
-Економско зајакнување на жените
-Препознавање и спречување на врсничко насилство (булинг)

## 3. РЕАЛИЗАЦИЈА

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Босилово за 2025 година се пред сè, координаторката за еднакви можности, поддржана од Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Босилово. Обврска и одговорност на админстрацијата, е да креираат, иницираат и организираат активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки, кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од полов аспект сите одлуки, извештаи, идеи и политики на Општината.

## 4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

| | Активност | Период на имплеметација | Буџет на проектот мкд | Одговорни за имплементација/ партнери | Извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Обука на членовите на КЕМ и на вработените во општинската администрација за интеграција на половиот пристап во програмите на Буџетот на општината | Март-јуни 2024 | 10.000 | Координаторка за еднакви можности, КЕМ, експерти/консултанти | Буџет на општина Босилово | -Најмалку 10 учесници на обуката (полово разделени податоци)<br>- за 20% зголемен степен на знења на членовите на КЕМ и на вработените во општинската администрација |
| 2 | Обука за советниците и вработени во општинската администрација за воведување на полово одговорно буџетирање и полова анализа на стратешките програми и Буџетот на општината | Септември-ноември 2024 | 10.000 | Координаторка за еднакви можности, КЕМ, експерти/консултанти | Буџет на општина Босилово | -Најмалку 10 учесници на обуката (полово разделени податоци)<br>- за 20% зголемен степен на знења на членовите на КЕМ и на вработените во општинската администрација |
| 3 | Прибирање на полово разделени податоци и формирање на база на податоци | Јануари-декември 2024 | / | Координаторка за еднакви можности, КЕМ | Не се потребни средства | -Изготвен 1 документ со полово-разделени податоци со:<br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во училишта/градинки;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во општина;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комунално претпријатие; |
| 4 | Организирање на базар фест на неформални бизниси на жените од општина Босилово | Февруари-јуни 2024 | 150.000 | Координаторка за еднакви можности, КЕМ, одделение за локален економски развој | Проект преку донатори | -најмалку 20 жени учеснички во настанот<br>- Број на посетители на настанот (разделени по пол) |
| 5 | Информативно-едукативно предавање за рано откривање на рак на дојка и матка | Април 2024 | 6.000 | Координаторка за еднакви можности, КЕМ, Здравствен дом Струмица | Буџет на општина Босилово | -најмалку 20 жени присутни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Информативно-едукативно предавање за рано откривање на рак на простата | Ноември 2024 | 6.000 | Координаторка за еднакви можности, КЕМ, Здравствен дом Струмица | Буџет на општина Босилово | -најмалку 20 мажи присутни |
| 7 | Обезбедување на организирани прегледи (мобилни екипи) за мерење на крвен притисок и шеќер во крвта | Мај 2024 | 4.000 | Координаторка за еднакви можности, КЕМ, Здравствен дом Струмица | Буџет на општина Босилово | -најмалку 30 извршени прегледи (полово разделени податоци) |
| 8 | Едукација на воспитно-образовниот кадар и стручните служби во училиштата за препознавање на насилство помеѓу врсниците (булинг) | Септември-октомври 2024 | 6.000 | Координаторка за еднакви можности, КЕМ, експерти/консултанти | Буџет на општина Босилово | -најмалку 40 лица (воспитно – образовниот кадар и стручните служби во училиштата) едуцирани за препознавање на врсничко насилство<br>-за 20% зголемено знаење за темата |
| 9 | Информативно-едукативно предавање за препознавање и превенција на насилство меѓу врсниците (булинг) | Ноември-декември 2024 | 6.000 | Координаторка за еднакви можности, КЕМ, експерти/консултанти | Буџет на општина Босилово | -најмалку 30 деца (момчиња и девојчиња) едуцирани за препознавање на полово базирано и семејно насилство<br>-за 20% зголемено знаење за темата |
| 10 | Организирање на настан по повод Меѓународната кампања „16 дена активизам за борба против насилство врз жените“ | Ноември-декември | 10.000 | Координаторка за еднакви можности, Општинска администрација, КЕМ, експерт | | |
| | Вкупен буџет: | | | | | 208.000,00 денари |

## 5. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Босилово се:
-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;
-организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на еднакви можности.
Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Босилово, во соработка со институциите на локално ниво.

## 6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Босилово го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности. Општина Босилово, преку вработените службеници во Одделението за локален економски развој, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма, ќе покренува иницијатива и ќе дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели и унапредување на еднаквите можности во Општина Босилово.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Босилово".

Бр.08-2724/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2725/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на ЈПКД„Огражден"-п.о.Босилово за Програмата за работа и план за развој на ЈПКД„Огражден"-п.о.Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2746/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден".п.о. Босилово за Програмата за работа и планот за развој на ЈПКД„Огражден"п.о.-Босилово за 2025 година**

1.Се дава согласност на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден".п.о. Босилово за Програмата за работа и планот за развој на ЈПКД„Огражден"п.о.-Босилово за 2025 година.

2.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2725/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-2726/1 за усвојување на Предлог-Програмата за работа и план за развој на ЈПКД„Огражден“-п.о.Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2747/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Предлог-Програмата за работа и Планот за развој на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за 2025 година**

1.Се усвојува Предлог-Програмата за работа и Планот за развој на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за 2025 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2726/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2727/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на ЈПКД„Огражден"-п.о.Босилово за Програмата за работа и план за развој на секторот за комунална хигиена на ЈПКД„Огражден"-п.о.Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2748/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден".п.о. Босилово за Програмата за работа и планот за развој на секторот за комунална хигиена на ЈПКД„Огражден"п.о.-Босилово за 2025 година**

1.Се дава согласност на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден".п.о. Босилово за Програмата за работа и планот за развој на секторот за комунална хигиена на ЈПКД„Огражден"п.о.-Босилово за 2025 година.

2.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово".

Бр.08-2727/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-2728/1 за усвојување на Предлог-Програмата за работа и план за развој на секторот за комунална хигиена на ЈПКД„Огражден"-п.о.Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2749/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Предлог-Програмата за работа и Планот за развој на секторот за комунална хигиена на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за 2025 година**

1.Се усвојува Предлог-Програмата за работа и Планот за развој на секторот за комунална хигиена на ЈПКД„Огражден“п.о.-Босилово за 2025 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2728/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2729/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на ЈПКД„Огражден“-п.о.Босилово за формирање на комисија за попис за состојба на 31.12.2024 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2750/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“.п.о. Босилово за формирање на Комисија за попис за состојба на 31.12.2024 година**

1.Се дава согласност на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“.п.о. Босилово за формирање на Комисија за попис за состојба на 31.12.2024 година.

2.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2729/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2730/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на ЈПКД„Огражден“-п.о.Босилово за извршување на попис,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2751/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“.п.о. Босилово за извршување на попис**

1.Се дава согласност на Одлуката на УО на ЈПКД„Огражден“.п.о. Босилово за извршување на попис.

2.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2730/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2731/1 за набавка,транспорт,и вградување на природен чакал и дробеник за тампонирање на локални макадамски улици и полски патишта на подрачјето на општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-2752/1 | Општина Босилово |
| 30.12.2024 година | Градоначалник, |
| Б о с и л о в о | Ристо Манчев с.р. |

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), член 15 и 21 од Статутот на општина Босилово (Службен гласник на општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година донесе:

## ПРОГРАМА ЗА НАБАВКА, ТРАНСПОРТ И ВГРАДУВАЊЕ НА ПРИРОДЕН ЧАКАЛ И ДРОБЕНИК ЗА ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ МАКАДАМСКИ УЛИЦИ И ПОЛСКИ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2025 ГОДИНА

- **Стратешка цел**

Стратешка цел на Општина Босилово е покрај изградбата на нови локални патишта и улици и одржување на постоечките, да врши и тампонирање на локалните макадамски улици и полски патишта на нејзината територија.

- **Цели на програмата**

Цел на програмата е превземање на активности за одржување на функционална состојба на општинските макадамски улици и полски патишта, односно набавка, транспорт и вградување на природен чакал и дробеник за тампонирање на локални полски патишта и макадамски улици.

- **Предмет на програмата**

Предмет на оваа програма е превземање на активности кои се однесуваат на редовно, периодично и интервентно одржување на општинските улици и полски патишта, односно набавка, транспорт и вградување на природен чакал и дробеник за тампонирање на локални полски патишта и макадамски улици на подрачјето на општина Босилово за 2024 година.

- **Активности и динамика**

Динамиката и одржувањето односно набавка, транспорт и вградување на природен чакал и дробеник за тампонирање на локалните полски патишта и макадамски улици ќе се одвива во текот на целата година односно набавката ќе се состои од поединечни помали количини, кои ќе се набавуваат сукцесивно за временски период од една година, по потреба на најразлични локации на територијата на Општина Босилово односно се до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на општина Босилово за таа намена. Тампонирањето треба да се изврши на оние улици и полски патишта кои се оштетени од поројни дождови.

Активности за одржувањето односно набавка, транспорт и вградување на природен чакал и дробеник за тампонирање на локалните полски патишта и макадамски улици ќе се утврдат со оваа Програма и тоа:

- Набавка, транспорт и вградување на природен чакал за тампонирање на локални макадамски улици и полски патишта,
- Набавка, транспорт и вградување на дробеник (0-63mm) за тампонирање на локални макадамски улици и полски патишта
- Тампонирање на постојни пробиени постоечки макадамски улици и полски патишта.

- **<u>Предлози на локални макадамски улици и полски патишта за тампонирање со вградување на природен чакал и дробеник на територија на општина Босилово:</u>**

**1. Населено место Босилово**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**2. Населено место Еднокуќево**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**3. Населено место Робово**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**4. Населено место Моноспитово**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**5. Населено место Бориево**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**6. Населено место Турново**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**7. Населено место Секирник**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**8. Населено место Иловица**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**9. Населено место Штука**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**10. Населено место Радово**

- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**11. Населено место Старо Балдовци**
- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**12. Населено место Сарај**
- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**13. Населено место Гечерлија**
- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**14. Населено место Петралинци**
- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

**15. Населено место Дрвош**
- Сите постоечки макадамски улици и полски патишта.

- **Буџет и финансирање**

Средствата за финансирање на предвидените активности во рамки на оваа Програма ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Босилово за 2025 година.

Предвидени средства од Буџетот на општина Босилово за 2025 година изнесуваат: 2.000.000,00 денари.

Бр.08-2731/1<br>30.12.2024 година<br>Босилово

Совет на општина Босилово<br>Претседател,<br>Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Планот и Програмата бр.08-2732/1 за контраола на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на општина Босилово,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2753/1<br>30.12.2024 година<br>Б о с и л о в о

Општина Босилово<br>Градоначалник,<br>Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 27 и 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16), и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Советот на општина Босилово, донесува:

**ПЛАН И ПРОГРАМА**
**За контрола на популацијата на бездомните кучиња на**

**подрачјето на Општина Босилово за 2025 година**

## 1.ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња, условите, организацијата и обемот на изршувањето, како и начинот на финансирањето.

Согласно став (1) од членот 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните, Општината е надлежна да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња, доколку се затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти - прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.Заловувањето на бездомните кучиња ќе се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Бездомните кучиња треба да бидат трајно обележани со микрочип, а во случај на бездомни кучиња вратени во реонот на заловување и со други видливи средства за идентификација, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Трошоците за заловување и третман на регистрираните и нерегистрираните кучиња се на товар на сопствениците на кучиња, а во случај на бездомни кучиња на товар на општината.

Поточно Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа. Со самото стерилизирање/кастрирање се очекува во 2025 и во 2026 година на територијата на општина Босилово процентот на популација на бездомни кучиња да биде во опаѓање.

По стерилизација/кастрација сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани.

## 2.ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

**2.1. *Универзален принцип*–** Програмата се надоврзува на сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни од неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како и напуштање и занемарување, проблем кои се во најголема мерка главен причинител за зголемување на бројот на напуштени животни. Од тие причини е клучно да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

***2.2. Принцип на одржливост -*** Програмата воспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општините, со кој трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него;

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се

постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

•Да се воведе концептот на одговорно сопственишство, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
•Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
• Дасе поттикнат и промовираатнајдобритепрактикиодсоседнитеземји;
• Да се промовира одговорна грижа за „маалските" бездомни кучиња;
• Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
•Да се поттикне волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
• Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
•Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;
• Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

***2.3.Принцип на соработка*** - Програмата се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државните и локалните власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и пред се здруженијата за заштита на животни.

## 3.ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

Главната цел на програмата е **контрола над популацијата на бездомните кучиња** во општина Босилово, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

- спроведување на стратегијата „залови –стерилизирај – вакцинирај –врати" на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица.

Спроведувањето на оваа програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

**Образложение:**

**Контрола на популацијата на бездомните кучиња** првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави. Се

воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат.Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишство и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.
„Залови – стерилизирај - вакцинирај –врати" е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни **е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици** во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување чиповање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопственици).

## 4. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Со Програмата за решавање на проблемот со бездомните кучиња на подрачјето на Општина Босилово се предвидуваат следните активности:

- Заловување на кучињата,

- Транспорт до прифатилиште;

- Прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,

- Кастрирање (орхиектомија)

-Стерилизација (овариохистеректомија),

- Дехелментизација (прочистување од внатрешни и надворешни паразити);

- Третирање против ехинококоза;

- Вакцинација против беснило;

-Трајно обележување микрочипување и видео обележување;

-Тест за Лајшманиоза со кучињата кои ќе бидат позитивни на болеста лајшманиоза ќе се постапува во согласност со актуелната годишна наредба за здравствена заштита на животни.

- Враќање на животните на местото каде биле заловени;

- Еутаназија на кучињата ќе се врши во согласност со одредбите на позитивните законски прописи.

- Превентивна медицинска заштита;

- Водење на регистар за сите заловени животни.

-Едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

-Посвојување и вдомување.

-Тест за социјализација на кучиња од страна на лица кои се овластени од АХВ. Со кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни ќе се постаспува согласно законот за заштита и благосостојба на животните и соодветните подзаконски акти.

Постапката на наведените активности ќе ја спроведува економски оператор избран преку постапка за јавни набавки.

## 4.1.Заловување и транспорт

Заловувањето и транспортот на кучињата ќе се спроведуваат од страна на стручни лица од прифатилиштето кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Персоналот во прифатилиштата треба да бидат опремени со соодветна униформа и тоа:

- јамки и мрежи за заловување;
- дувалки за застрелување со средства за времено успивање;
- корпи и кафези за заловување и транспорт;
- околувратници и водилки;
- соодветни средства и опрема за евиденција;
- идентификација за заловените животни.

Заловувањето на кучиња скитници се врши со присуство на претставник на Општината определен од страна на Градоначалникот. За заловените кучиња се изготвува записник во кој се заведува бројната состојба на заловените кучиња скитници, место на заловување, пол, раса, знаци и обележја на кучето и евидентна болест или повреда. Заловувањето на кучињата ќе се спроведува во рани утрински часови кога присуството и движење на луѓе и возила по улиците е минимално. Секое заловено куче времено ќе се маркира и истото ќе се фотографира. Фотографиите ќе служат за идентификација на кучињата од сопственици доколку некое од кучињата е изгубено од страна на сопственик или пак самото куче побегнало од дома. Транспортот од местото на заловување до стационарот ќе се врши со специјално возило опремено со соодветни кафези за сместување на кучињата скитници. Транспортот ќе се спроведува рано наутро при што службата за заловување треба да обезбеди на кафезот да има вентилација и струење на воздух и колку што е можно да се избегнува непотребно задржување по патот до стационарот. Службата за заловување и транспорт на кучињата скитници во возилото задожително треба да поседува налог, товарен лист и записник од комунален инспектор. Униформите и возилото треба видно да се обележи со натпис „Служба за бездомни кучиња“.

## 4.2.Прифатилиште и медицински третман

Секое заловено животно се носи во прифатилиште кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начи на кој нема да му причинува никаква болка или траума.

Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација; дехелментизација; вакцинација; обележување со ушна маркица или микро чип) за секое животно е на терет на општината.

Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Прифатилиштата треба да обезбедат спроведување на соодветни мерки и персонал со цел за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е неопходно лекување на животните.

**4.3.Стерилизација (овариохистеректомија и орхиектомија)**

Стерилизација е најефикасната мерка која, спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил овој проблем на напуштени кучиња.

Стерилизацијата на женските и кастрацијата на машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат - стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничкото одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на прифатилиштето.

Непосредно пред напуштање на прифатилиштето над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

**4.4.Еутаназија**

Еутаназија на животните ќе се врши од страна на доктор по ветеринарна медицина на начин и индикации утврдени во Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта(Сл.весник на РСМ бр.44/21).

- Лешевите од еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

**4.5.Посвојување и вдомување**

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат, се вакцинирани, и стерилизирани и имаат микрочип.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, прифатилиштата треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересираните граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, се со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.

## 5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

На територијата на општина Босилово во сите неселени места според надлежниот орган на општината се проценува дека има околу 20 бездомни кучиња.

Со оваа програма се предвидува заловување на сите бездомни кучиња.

Заловувањето и третирањето на бездомните кучиња ќе се врши во неколку организирани акции. Се предвидува сите кучиња да бидат заловени во 2 или 3 наврати односно акции.

Активностите ќе се одвиваат и по потреба во случај на пријава од граѓани за агресивни кучиња скитници.

Активностите за заловување ќе се спроведуваат во две нивоа на активности и тоа како дневни во кои ќе се извршуваат редовни увиди и контроли за евидентирање и пратење на опфатот на движење на кучиња скитници и ноќни активности кои ќе се спроведуваат во доцните ноќни часови односно пред се во раните утрински часови кога ќе се спроведува заловување на кучињата скитници.

Локации каде ќе се врши заловувањето на кучињата ќе бидат јавните улици и патишта на секое населено место во општина Босилово.

Во моментот во Општина Босилово нема стационар прифатилиште поради што потребните услуги за третирање на кучиња скитници ќе се спроведуваат во прифатилишта (одобрени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство) на економскиот оператор, кој ќе се избере по пат на јавна набавка спроведена од општина Босилово.

# АКЦИСКИ ПЛАН

| **Цел**: Контрола над популцијата на бездомните кучиња во општина Босилово, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Задача/Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикативно** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет МКД** |
| 1.1 Решавање на проблемот со кучиња скитници | 1.1 Заловување на животните | 01.01.2025 - 31.12.2025 Година | - Заловени- хуман третман на 20 кучиња на територијата на општина Босилово<br>- Превенирана опсаноста и пријавите за посериозни последици и страв на граѓаните<br>- Поголема безбедност за движење на граѓаните, децата и жените на територијата на општината | Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина | 100.000,00 денари |
| | 1.2 Транспорт до стационар | | | | |
| | 1.3 Прием и преглед од овластен ветеринар | | | | |
| | 1.4 Кастрирање (орхиектомија) | | | | |
| | 1.5 Стерилизација (овариохистеректомија), | | | | |
| | 1.6 Дехелментизација (прочистување од внатрешни и надворешни паразити); | | | | |
| | 1.7 Третирање против ехинококоза | | | | |
| | 1.8 Вакцинација против беснило; | | | | |
| | 1.9 Трајно обележување микрочипување и видео обележување | | | | |
| | 1.10 Тест за Лајшманиоза | | | | |
| | 1.11 Враќање на животните на местото каде биле заловени; | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | 1.12 Еутаназија на животни; | | | | |
| | 1.13 Превентивна медицинска заштита; | | | | |
| | 1.14 Водење на регистар за сите заловени животни. | | | | |
| | 1.15 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението | | | | |
| | 1.16 Посвојување и вдомување. | | | | |
| | 1.17 Тест за социјализација на кучиња од страна на лица кои се овластени од АХВ | | | | |

## 6.ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на оваа Програма ќе се реализира со средства предвидени во Буџетот на општина Босилово за 2025 година. Планирани средства во буџетот на општина Босилово за 2025 година за реализација на оваа програма изнесуват 100.000,00 денари.

Плаќањето на избраниот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

## 7.ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма ќе ја реализира субјект кој ќе биде избран во постапка за јавна набавка на услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Босилово.

## 8.ОРГАНИЗИРАНО СОПСТВЕНИШТВО

Причините за појава на бездомните кучиња се должи на неодговорно сопственииштво со претерано - неконтролирано размножување на миленици и напуштање на милениците. Потоа следува недостиг на образование во средината, недостиг на образование за правата на животните.

Општина Босилово се залага преку подготвување на брошури и едукативни материјали да врши запознавање на јавноста во врска со одговорното сопственииштво на домашните миленици, кои се правата и обврските на сопствениците на домашни миленици, како треба да се грижат за здравјето на животните, но и за бездомните животни, водејќи сметка и за сопственото здравје.

Целта на едукацијата е да се поттикнат сопствениците на миленици да се грижат за своите животни, за нивната благосостојба и да не ги напуштаат зашто на тој начин се зголемува бројот на кучињата скитници кои потоа можат и да им наштетат на луѓето, да се поттикне регистрација на своите миленици, да се поттикне кастрација и стерилизација.

Сето тоа општина Босилово ќе го спроведе во соработка со здруженија за заштита на животни и со официјален ветеринар кој што има надлежност да врши увид и контрола на сопственици на домашни миленици на територијата на општина Босилово како и да превзема соодветни санкции во врска со неодговорно сопственишство.

**9.НАДЗОР**

Надзор на извршување на програмата врши Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за инспекциски надзор преку Овластен комунален инспектор.

Целокупната работа на активностите на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Босилово и на економскиот оператор за заловување и третирање на кучињата скитници е под надзор и на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**10.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Босилово.

Бр.08-2732/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 год. Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-2733/1 за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на општина Босилово за 2025 година,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2754/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на чл. 124 став 2 од Законот за води („Сл. весник на РСМ„ бр. бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30. 12..2024 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2025 ГОДИНА**

**Општински Акционен план за чистење на речните корита и канали во општина Босилово за 2025 година**

- **Општ дел**

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите

Општина Босилово има сериозен проблем со одведувањето на атмосферските води на својата територија поради што во последните неколку години наназад претрпе сериозни штети како на сопствената комунална инфраструктура така и огромни материјални штети на локалното население.
Населението во општина Босилово во најголем процент се занимава со земјоделско производство, оттука и потребата од целосно решавање на проблемот со речните каналски мрежи односно продолжување на нивниотископ, проширување и дополнително уредување со цел избегнување на опасноста од поплавување на земјоделски обработливи површини, стамбени и деловни објекти.

- **<u>Просторен опфат и предмет на Програмата</u>**

Територијата на општина Босилово зафаќа површина од 150 км2 со вкупно 11 508 жители населени во 16 населени места. Низ нејзината површина поминуваат следните реки и одводни канали:

- Иловачка река
- Штучка Река
- Дрвошка Река и
- Суви одводни канали.

Потребно е чистење на поголеми одводни канали во атарите на "најниските„ населени места во општината како би се избегнала опасноста од поплавување на стамбенитте објекти и земјоделските површини особено во селата Моноспитово, Босилово, Робово, Еднокуќево и Бориево.

- **<u>Предлози за ископ и уредување на атмосферски канали</u>**

Како можни жаришта за поплавување на населени места како и земјоделско земјиште во Општина Босилово од канали за атмосферска вода кои се во надлежност на општината и за кои е потребна интервенција за заштита од поплавување се наведуваат следните одводни канали кои преку овој акциски план се предвидуваат за чистење и нивно дополнително уредување:

1. Одоводен канал во с. Моноспитово (мација)

   Оваа е централен одоводен канал за населеното место Моноспитово и истиот се влева во Моноспитовското Блато.

2. Одводен канал од излез на с.Моноспитово кон река Водочница кај м.в.Туневица (Вир), КП бр.1609/1.

3. Одоводен бетонски канал во с. Босилово („сува река").

   Оваа е одоводен канал за населеното место Босилово или т.н. „сува река„ .

4. Одводен бетонски канал од центар на с.Босилово во правец на река Струмица (влез во месност викана „Топот").

5. Одводен канал во с.Бориево од центар спрема задруга од левата страна.

6. Одводен канал во с.Бориево од центар спрема задруга од десната страна.

7. Одводен канал т.н. „Сува Река"- Бориево.

8. Одводен канал во с.Бориево м.в.Кукавица КП Бр.2255.

9. Одводен канал во с.Секирник м.в.Могила КП Бр.2715.

10. Одводен канал во с.Еднокуќево од црквата кон Моноспитово.

11. Одводен канал во с.Еднокуќево од продавница „Елмидо“ до џамијата.

12. Одводен канал во с.Петралинци позади училиштето.

13. Одводен канал во с.Петралинци од излез на селото спрема Ст.Балдовци м.в. Дикилитач КП Бр. 1282.

14. Одводен канал во с.Петралинци кој продолжува после каналот на КП Бр.1282, а поминува низ приватни парцели КП 1475, 1470,1469,1468 ,1461,1458 и 1457.

15. Одводен канал во с.Петралинци од влез во селото спрема Гечерлија КП Бр.1559.

16. Одводен канал во с.Петралинци од продавница до спој со пат на КП Бр. 1391.

17. Одводен канал во с.Петралинци м.в.Ендеклик КП Бр.1394.

18. Одводен канал во с.Сарај покрај Културниот дом.

19. Одводен канал во с.Сарај од паркот до спој со главен канал.

20. Одводен канал во с.Турново покрај гробиштата.

21. Одводен канал во с.Турново во м.в. Барово.

22. Одводен канал во с.Робово во м.в.Средорек (т.н „Сува Река“).

23. Одводен канал во с.Робово од црквата кон река Водочница.

24. Одводен канал во с.Секирник м.в. Црнаци КП Бр.2140.

25. Одводен канал во с.Секирник м.в.Црнаци КП Бр.2124/1.

26. Одводен канал во с.Секирник м.в.Црнаци КП Бр.3107.

27. Одводен канал во с.Секирник м.в.Орах КП Бр.3108/2.

28. Одводен канал во с.Секирник м.в.Јулка КП Бр.3127.

29. Одводен канал во с.Секирник м.в.Мутово КП Бр.3105.

- **<u>Динамика и време на реализација на Програмата</u>**

Најдобар временски период за уредување е во текот на периодот пролет/лето 2025 година.

Не постојат никакви објективни пречки или проблеми од било која природа кои би го отежнувале уредувањето на горенаведените одводни канали.

Средствата за финансирање на предвидените активности во рамки на оваа Програма ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Босилово за 2025 година во висина од 1.000.000,00 денари.

Бр08-2733/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 год. Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2734/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Статутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово-пречистен текст ,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2755/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ на Стаутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово-пречистен текст**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Стаутот на ЈОУДГ„Среќни насмевки“-Босилово-пречистен текст.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2734/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2735/1 за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Дрвош како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2756/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Дрвош како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Дрвош како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2735/1   Совет на општина Босилово
30.12.2024 година       Претседател,
Б о с и л о в о            Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2736/1 за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Еднокуќево како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2757/1              Општина Босилово
30.12.2024 година          Градоначалник,
Б о с и л о в о              Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Еднокуќево како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Еднокуќево како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-2736/1   Совет на општина Босилово
30.12.2024 година       Претседател,
Б о с и л о в о            Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2737/1 за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Радово како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2758/1              Општина Босилово
30.12.2024 година          Градоначалник,
Б о с и л о в о              Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Радово како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Радово како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово".

Бр.08-2737/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-2738/1 за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Босилово како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари,донесена на педесетивтората седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.12.2024 година.

Бр.09-2759/1 Општина Босилово
30.12.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.12.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Босилово како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Организациониот Одбор од с.Босилово како помош за организирање на Новогодишна забава,во износ од 15.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово".

Бр.08-2738/1 Совет на општина Босилово
30.12.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.